# Статистичко истражување за трошоците во градежништвото за нови објекти за индивидуално домување

## Ц_Т.ГРАД_Q_MK_2021_4

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| Одделение за цени | |
| **1.3** | **Лице за контакт** |
| Елизабета Трајковска | |
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| Виш соработник | |
| **1.5** | **Поштенска адреса** |
| ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | |
| **1.6** | **Електронска адреса** |
| elizabeta.trajkovska@stat.gov.mk | |
| **1.7** | **Телефонски број** |
| 00389 2 3295 660 | |
| **1.8** | **Факс** |
| 00389 2 3111 336 | |
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| 20/10/2022 | |
| **2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |
| 20/10/2022 | |
| **2.3** | **Последно ажурирање на метаподатоците** |

20/10/2022

| 3 | Статистичка презентација |
|---|---|

| 3.1 | Опис на податоците |
|---|---|

Индекс на трошоците во градежништвото за нови објекти за индивидуално домување; Индекс на трошоците за материјали; Индекс на трошоците за вработените.

| 3.2 | Систем на класификации |
|---|---|

Национална класификација на дејностите - НКД Рев.2, Национална номенклатура на индустриски производи (ННИП), Номенклатура на градежни објекти и градежни работи.

| 3.3 | Опфат на сектор/и |
|---|---|

Секторот Ѓ - Градежништво, оддел 41 - Изградба на згради, нови објекти за индивидуално домување.

| 3.4 | Статистички концепти и дефиниции |
|---|---|

Индексот на трошоците во градежништвото за нови објекти за индивидуално домување се пресметува како пондерирана средна големина од индексот на трошоците за материјали и индексот на трошоците за вработените.

| 3.5 | Статистичка единица |
|---|---|

Секундарно истражување. Статистичките единици се дефинирани со примарните истражувања.

| 3.6 | Статистичка популација |
|---|---|

Секундарно истражување. Статистичката популација е дефинирана со примарните истражувања.

| 3.7 | Референтна област |
|---|---|

НТЕС 1 и 2 (Република Северна Македонија).

| 3.8 | Временска покриеност |
|---|---|

Од јануари 2005 година.

| 3.9 | Базен период |
|---|---|

2015 =100.

| 4 | Единица на мерење |
|---|---|

Индекси.

| 5 | Референтен период |
|---|---|

Месец.

| 6 | Институционален мандат |
|---|---|

| 6.1 | Законски акти и други договори |
|---|---|

Национални:
Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07,51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18, 220/18 и и „Службен весник на Република СевернаМакедонија“ бр.31/20) http://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx
и Програма застатистички истражувања 2018-2022 ((„Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/18,224/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр.18/20 и 300/20) http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=8 .
Меѓународни:
Регулатива (ЕЗ) бр. 1165/98 на Советот
Регулатива (ЕЗ) бр. 1503/2006 на Комисијата за спроведување и изменување и дополнувањена Регулативата (ЕЗ) бр. 1165/98
Регулатива (ЕЗ) бр. 2019/2152 за Европските деловни статистики, како и Регулативата (ЕЗ) бр.2020/1197 за нејзино спроведување која ги дефинира техничките спецификации.
Методологија за краткорочни деловни статистики, Евростат, 2006

| 6.2 | Споделување на податоци |
|---|---|

Индекси се испраќаат (преку eDAMIS) до Евростат.

| 7 | Доверливост |
|---|---|

| 7.1 | Доверливост - политика |
|---|---|

1. Заштитата на индивидуалните податоци е регулирана со Законот за државна статистика https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx
2. Основните принципи и активности, што се преземаат за да се обезбеди доверливоста на податоците се опишани во Политиката за статистичка доверливост https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf

| 7.2 | Доверливост - третирање на податоците |
|---|---|

Во согласност со член 38 од Законот за државна статистика https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx _ и Политиката за доверливост https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf , индивидуалните податоци не се објавуваат.

| 8 | Политика за објавување |
|---|---|

| 8.1 | Календар на објавување |
|---|---|

Објавувањето на податоците е во согласност со Календарот на објавување кој се објавува на веб-страницата на Државниот завод за статистика.
Календарот на објавување се подготвува еднаш годишно, пред почетокот на календарската година.

| 8.2 | Пристап до Календарот на објавување |
|---|---|

Календар на објавување http://www.stat.gov.mk/Kalendar_nov.aspx

| 8.3 | Кориснички пристап |
|---|---|

Сите корисници имаат истовремено пристап до статистичките податоци: ова значи дека датумите за објавување на статистичките податоци се претходно јавно објавени и никој корисник нема пристап до официјалните статистички податоци пред нивното објавување. Статистичките податоци прво се објавуваат во едицијата „Соопштенија “ на ВЕБстраницата на Државниот завод за статистика во 12.00 часот.

| 9 | Фреквенција на дисеминација |
|---|---|

Месечна и тримесечна.

| 10 | Достапност и јасност |
|---|---|

| 10.1 | Соопштенија |
|---|---|

Во согласност со Стратегијата за дисеминација https://www.stat.gov.mk/Dokumenti/strategii/StrategijaDiseminacija2014-2016mak.pdf. Соопштенијата се објавуваат тримесечно и истите се достапни на ВЕБ страницата на ДЗС во поглавјето: „Соопштенија“

Тримесечно соопштение: „Индекси на трошоците во градежништвото за нови објекти за индивидуално домување“.

http://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=101&rbrObl=15

| 10.2 | Публикации |
|---|---|

Публикации:

Месечен статистички извештај,

http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=28&rbrObl=37

Статистички годишник,

http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=34&rbrObl=37

| 10.3 | Онлајн база на податоци |
|---|---|

МАКСтат - база на податоци - Цени

http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

| 10.4 | Пристап до микроподатоци |
|---|---|

Во согласност со Законот за државна статистика http://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx (член 41) и со Политиката за пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=22 , податоците што се прибрани за потребите на официјалната статистика може да се користат за научно-истражувачки цели ако не е загрозена нивната директна или индиректна идентификација, т.е. откривањето на индивидуалноста на податокот.
Пристапот до микроподатоци е возможен само во просторија на ДЗС, а врз основа на претходно доставено и одобрено барање и потпишан договор.

## 10.5 Друго

По барање на корисниците, податоците се подготвуваат во форма согласно нивните потреби. Податоците од истражувањето се испраќаат во Евростат и тие се објавени на веб-страницата на оваа институција.

## 10.6 Документација за методологијата

Методолошките објаснувања се објавени на веб-страницата на Државниот завод за статистика

http://www.stat.gov.mk/MetodoloskiObjasSoop.aspx?id=101&rbrObl=15

Методологија за краткорочни деловни статистики, на Евростат, https://circabc.europa.eu/sd/a/fd45995c-7bfd-4db0-986e-14ac23072343/Methodological%20manual%202006%20KS-BG-06-001-EN.pdf

## 10.7 Документација за квалитетот

Извештај за квалитет за 2015, од ДЗС,
http://172.16.1.48/Meta_godini.aspx
Извештај за квалитет за 2015, од ДЗС, во Евростат
https://ec.europa.eu/eurostat/cache/metadata/EN/sts_ind_pric_esms_mk.htm

# 11 Управување со квалитет

## 11.1 Обезбедување на квалитетот

Посветеноста на Државниот завод за статистика за обезбедување квалитет на производите и на услугите е содржана во: Законот за државна статистика http://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx , Стратегискиот план на Државниот завод за статистика http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=6 , Политиката за квалитет на Државниот завод за статистика http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=24 како и во постојаните напори за усогласување со Кодексот за работа на европската статистика http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=2 .
Главните аспекти и процедури за управување со квалитет во фазите и потпроцесите од Статистичкиот бизнис процес модел, како и добрите практики и насоките за обезбедување квалитет се документирани во интерен документ Насоки за обезбедување квалитет на статистичките процеси.
Потребните влезни и излезни метаподатоци, како и релевантните индикатори за квалитет за одделни потпроцеси, се опишани во документот Упатство за менаџери на статистички истражувања.

| 11.2 | **Оценка на квалитетот** |
|---|---|

Државниот завод за статистика ги реализира статистичките активности во согласност со Статистичкиот бизнис процес модел, кој се базира на меѓународниот модел - Генерички статистички бизнис процес модел (Generic Statistical Business Process Model-GSBPM).
Примената на овој модел, како и примената на меѓународните стандарди во статистичката продукција обезбедуваат високо ниво на точност и споредливост на податоците.

| 12 | **Релевантност** |
|---|---|

| 12.1 | **Потреби на корисниците** |
|---|---|

Индексите на трошоците во градежништвото за нови објекти за индивидуално домување се наменети за преиспитување или мониторирање на трошоците направени од страна на градежните компании при извршувањето на процесот на изградба на нови објекти за индивидуално домување.
Се користат и како инпут при пресметките во статистиките на националните сметки и статистиките на градежништвото.
Ваквите индекси, исто така, се користат од страна на градежните компании кога се повикуваат на движењето на трошоците при составувањето на градежните договори.

| 12.2 | **Задоволство на корисниците** |
|---|---|

Почнувајќи од 2009 година, Државниот завод за статистика на секои три години спроведува Анкета за задоволство на корисниците.

| 12.3 | **Комплетност** |
|---|---|

Во согласност со регулативите дадени во концептот 6.1, Државниот завод за статистика ги обезбедува сите барани податоци.

| 13 | **Точност и веродостојност** |
|---|---|

| 13.1 | **Севкупна точност** |
|---|---|

Точноста на податоците се обезбедува со преземање мерки за намалување на примерочните и/или непримерочните грешки, како и дополнителна споредба и анализа на податоците пред тие да бидат објавени.

| 13.2 | **Примерочни грешки** |
|---|---|

Секундарно истражување. Условено е од примерочните грешки кај примарните истражувања.

| 13.3 | **Непримерочни грешки** |
|---|---|

Секундарно истражување. Условено е од непримерочните грешки кај примарните истражувања.

| 14 | **Навременост и точност** |
|---|---|

| 14.1 | **Навременост** |
|---|---|

Индексите на трошоците во градежништвото за нови објекти за индивидуално домување се објавуваат најдоцна 65 дена (Т+65) по завршувањето на референтниот период како дефинитивни податоци.

| 14.2 | **Точност** |
|---|---|

Податоците се објавени во утврдените рокови во согласност со Календарот на навременост.

| 15 | **Кохерентност и споредливост** |
|---|---|

| 15.1 | **Географска споредливост** |
|---|---|

Податоците се произведуваат на национално ниво. Споредливоста е обезбедена на меѓународно ниво.

| 15.2 | **Временска споредливост** |
|---|---|

Временска серија од 2005 (2015=100) и споредливоста на временската серија е обезбедена.

| 15.3 | **Меѓудоменска кохерентност** |
|---|---|

Кохерентноста е целосно обезбедена со примарните истражувања.

| 15.4 | **Внатрешна кохерентност** |
|---|---|

Внатрешната кохерентноста е целосно обезбедена со примарните истражувања.

| 16 | **Трошок и оптовареност** |
|---|---|

Не се пресметува.

| 17 | **Ревизија на податоците** |
|---|---|

| 17.1 | **Политика за ревизија на податоците** |
|---|---|

Ревизијата на податоците се прави во согласност со Политиката за ревизија на ДЗС:
http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=25

## 17.2 Практика за ревизија на податоците

Ревизија на податоците се прави со промена на базната година и со промена на номенклатурите.

## 18 Статистичка обработка

## 18.1 Извори на податоци

Извори на податоци се статистичките истражувања: „Месечен извештај за продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар" (Ц.ДОМА) и „Месечно статистичко истражување за вработени и плати" (ТРУД.1).
Од статистичкото истражување Ц.ДОМА се преземаат податоците за индивидуалните индекси на продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар, кои се користат во градежништвото (108 производа), а припаѓаат на класите:
08.11; 08.12; 08.99; 16.10; 16.23; 20.16; 20.30; 20.52; 20.59; 22.21; 22.23; 23.12; 23.20; 23.32; 53.51; 23.52; 23.61; 23.62; 23.63; 23.64; 23.69; 23.70; 23.99; 24.10; 24.20; 24.33; 24.34; 25.11; 25.12; 25.21; 25.93; 27.32; 27.90.
Од статистичкото истражување ТРУД.1 се преземаат податоците за просечно исплатените бруто-плати по вработен во секторот Ѓ - Градежништво, оддел 41 - Изградба на згради од НКД Рев.2.

## 18.2 Фреквенција на прибирање податоци

Месечна.

## 18.3 Прибирање на податоците

Секундарно истражување, прибирањето на податоците се врши со примарните истражувања.

## 18.4 Проверка на податоците

Секундарно истражување, податоците се проверуваат во примарните истражувања.

## 18.5 Компилирање податоци

Импутација е фаза која се спроведува во примарните истражувања.

## 18.6 Прилагодување

Не е применливо, не се врши прилагодување на податоците.

## 19 Коментар

Нема коментар

## А.1 Анекси